Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИ НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ, СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРИРЕДБИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Јануари 2021 година

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**
**Член 1**

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Посебни услови се составен дел од договорот за осигурување на посетители на културни, уметнички, спортски, туристички и други приредби, како и посетители на природни и културни знаменитости (во понатамошниот текст: посетители) од последици на несреќен случај.
[2] Договарач на осигурувањето, според овие Посебни услови, може да биде секое правно или физичко лице кое организира приредби, наведени во став (1) од овој член, прошетки, односно посети.

**ОСИГУРЕНИ ЛИЦА**
**Член 2**

[1] Лицата наведени во член 1, став (1) од овие Посебни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба, општа работоспособност и старост, без плаќање на зголемена премија во смисла на член 8 став (1) точка 6 од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3) од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.
[2] Во осигурување не се вклучени лицата кои по своја службена должност се наоѓаат во просторот каде што се одржува приредбата или во природни, односно културни знаменитости.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ**
**Член 3**

[1] Осигурувачот гарантира за последиците од несреќните случаи кои настануваат:
1) на просторот за приредби или на просторот од природните и културните знаменитости;
2) надвор од просторот каде што се одржува приредбата, во кој смее да се задржуваат само посетители со купени влезници, без оглед на тоа дали посетителот има влезница или не;
3) во просторот одреден за гледачи на спортски и останати приредби.
[2] Осигурувачот гарантира и за последиците од несреќните случаи кои им се случуваат на посетителите при купувањето на влезниците на просторот одреден за тоа.
[3] Во осигурувањето од последици на несреќен случај вклучено е осигурувањето од одговорност на договарачот за оштетните побарувања од посетителите кон договарачот на осигурувањето, поради телесни оштетувања или исчезнување, односно кражба на предмети кои им припаѓаат на посетителите.
Правата и должностите од ова осигурување се уредуваат со Посебните услови за осигурување од одговорност на договарачот на осигурувањето од последици на несреќен случај.

**ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ПОКРИТИЕТО**
**Член 4**

[1] За посетителите кои купиле влезници во претпродажба, покритието започнува со нивното влегување во просторот одреден за посетители.
За останатите, почнува кога ќе стапат во редот за купување влезници.
[2] Осигурителното покритие престанува кога посетителот ќе го напушти просторот за купување на влезници, односно просторот или теренот каде што се одржува приредбата, по завршувањето на приредбата.

**ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА**
**Член 5**

[1] Премијата се пресметува врз основа на бројот на продадени влезници за одделни приредби.
Ако влезницата важи за повеќе приредби, премијата се пресметува толку пати колку што е бројот на приредби за кои важи таа влезница.
[2] Договарачот е должен да ја плати договорената премија на осигурувачот за сите осигуреници без исклучок и за целокупното времетраење на осигурувањето во рокот наведен во полисата.

[3] Обврската на осигурувачот за поединечен осигуреник постои и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако незгодата настанала за времетраењето на осигурувањето според одредбите од членовите 6 и 15 од општите услови.
[4] Договарачот е должен да му овозможи увид на осигурувачот во своите евиденции врз основа на кои може да се утврди бројот на продадени влезници и исправноста на пресметката на премијата.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОПСЕГОТ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 6**

[1] Ако осигуреникот во моментот на незгодата е постар од 75 години, осигурувачот исплаќа 50% од износот што инаку би морал да го плати.

**ОБВРСКИ НА ДОГОВАРАЧОТ ПОСЛЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 7**

[1] Договарачот е должен да ги пријави на осигурувачот сите осигурени случаи за кои важи осигурителното покритие според овие Посебни услови. Секој настан кој за последица има чија било кривична одговорност, должен е да ја пријави кај надлежните органи.
[2] Договарачот е должен е да му ги даде на осигурувачот сите потребни информации за појаснување на настанот и околностите кои се важни за утврдување на постоењето и висината на неговите обврски.

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**
**Член 8**

[1] На осигурувањата склучени по овие Посебни услови се применуваат и Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Посебни услови.
[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода) се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**
**Член 9**

(1) Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување од незгода, застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 10**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Северна Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.
На осигурувањата склучени по овие Дополнителни услови се применуваат и Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај (незгода), доколку не се во спротивност со овие Посебни услови.

**Постапка по приговори**

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот з а осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 10.12.2020 година со Одлука бр.0203-11/08 и ќе се применуваат од 01.01.2021 година.